**Предлог-заклучоци на Советот**

1. Повторувајќи ги своите заклучоци од 14 декември 2021 година, Советот ја поздравува континуираната определба на Северна Македонија да продолжи со реформската агенда на Европската Унија и да испорача видливи и одржливи резултати.

2. На патот на Северна Македонија кон членство во Европската Унија, Советот потсетува на важноста од постигнување видливи резултати и од спроведување на билатералните договори во добра волја, вклучително и Преспанскиот договор со Грција и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија.

3. Во таа насока, Советот го поздравува договорот за протоколот од вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија формирана според член 12 од овој договор.

   Овој важен чекор ќе придонесе кон добрососедските односи и регионалната соработка, коишто остануваат суштински елементи на процесот на проширување, како и на процесот на стабилизација и асоцијација.

4. Исто така, ќе овозможи зајакнување на еднаквите права на припадниците на малцинствата и заедниците во Северна Македонија и како таков ќе придонесе кон усогласувањето со Копенхашките политички критериуми. Во таа насока, Советот ја поздравува намерата на Северна Македонија, да започне и приоритетно да ги постигне релевантните уставни измени, со цел во Уставот да се вклучат граѓани кои живеат во рамките на границите на државата и кои се дел од други народи, како што се Бугарите.

5. Земајќи го целосно предвид овој напредок и непреченото усогласување во сите области идентификувани од страна на Советот во јуни 2018 година, Советот одлучи да ја одобри Преговарачката рамка и, во согласност со Подобрената методологија и одлуката за отворање преговори за пристапување донесена на 25 Март 2020 година, да одржи политичка меѓувладина конференција со Северна Македонија на [*место:датум*], со цел да се претставаат следните чекори од процесот на проширување, по усвојувањето на Преговарачката рамка, како што е опишано во „Воведна изјава на ЕУ“.

6. Со цел да се заврши оваа фаза на отворање на преговорите за пристапување,

Советот, исто така, одлучува да свика друга меѓувладина конференција со цел да ја претстави Преговарачката рамка и тековната состојбата на подготвителните работи извршени од страна на Комисијата и е подготвен да ја одржи истата без дополнителни одложувања или дополнителна политичка одлука, веднаш штом Северна Македонија ќе ја спроведе својата заложба за завршување на горенаведените уставни измени, во согласност со нејзините внатрешни процедури.

7. Во овој поглед, Советот нотира дека Комисијата постигнала напредок во својата работа за да го спроведе и заврши процесот на аналитичко испитување на правото на ЕУ (acquis) и е подготвена навремено да ги претстави своите резултати на Северна Македонија. Врз основа на тоа, Советот ја повикува Комисијата да продолжи да го проценува степенот на подготвеност на Северна Македонија за отворање преговори во одредени области и да ги идентификува прашањата што најверојатно ќе се појават во преговорите, почнувајќи од кластерот фундаментални вредности, којшто, во согласност со Преговарачката рамка, ќе се отвори прв откако Северна Македонија ќе ги исполни релевантните критериуми договорени од Советот.